Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. 02-110/23

СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 459-та ИТНА седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 10-ти октомври 2023 година**

Седницата се одржа на ден: 10.10.2023, вторник во 12:30 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, претседател;
- **м-р Антоанета Димовска**, член;
- **Мери Радевска**, член;
- **Ивица Николовски**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член;
- **м-р Селим Адеми**, член;
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член.

Отсутни членови:
*(уредно поканети, нема констатација за причините за отсуство)*

- **Ханиф Зендели** заменик претседател;
- **Лорета Горгиева**, член;
- **Весна Дамева**, член *(поради користење годишен одмор);*
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд;
- **Кренар Лога**, министер за правда.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секретар;
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник.

Седницата е отворена за јавноста, но се констатира дека нема присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Согласно чл.8 ст.1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Сашко Георгиев.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство го изложи предлог дневниот ред за 459-та седница.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по предлог дневниот ред.

Откако констатира дека никој не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев предлог дневниот ред го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;

2. Разно.

**Точка 1**

*(Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија)*

По повод 1-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев информираше дека по службена должност, согласно евиденцијата со која располага Судскиот совет утврди дека Живко Аврамоски, судија на Основен суд Струга исполнува услови за остварување на правото на старосна пензија, бидејќи на 01.10.2023 година наполнил 64 години. Укажа дека согласно чл.73 ст.1 ал.3 од Законот за судовите и чл.54 ст.1 т.3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, предвидено е дека судиската функција престанува ако судијата ги исполнил условите за старосна пензија.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека е донесено следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на судиската функција на Живко Аврамоски, судија на Основен суд Струга на 10.10.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Откако повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 459-та седница на Советот и дека истата е завршена во 12:45 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Сашко Георгиев

**Изработил:** Ален Раденковиќ
**Одобрил**: Весна Толева